# ЗАПИСНИК

од првата конститутивна седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
Скопје, 18 декември, 2025 г.

**<u>Присутни</u>:**

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Фисник Мела (Градоначалник на Општина Дебар), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Дејан Митески (Градоначалник на општина Аеродром), Борче Митески (Градоначалник на општина Петровец), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид).

**<u>Расправа</u>**:

Согласно Одлуката на Генералното Собрание за избор на членови во Управниот одбор на ЗЕЛС, Управниот одбор на својата прва, конститутивна седница, расправаше по следниот:

## ДЕНЕВЕН РЕД

1. Одлука за избор на Претседател и двајца Потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС.
2. Разно - Дискусија;

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за избор на Претседател и двајца Потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Пред присутните членови на Упарвниот одбор се отвори дискусија во однос на нивните предлози за избор на Претседател и двајца Потпретседатели и овој орган. Присутните ги предложија г. Орце Ѓорѓиевки, градоначалник на град Скопје, г. Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир и г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар за претседател и двајца потпретседатели на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управен одбор донесе Одлука за избор на г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје за претседател и г. Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир и г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар за потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС.

**ТОЧКА РАЗНО:**

Присутните отворија дискусија за претстојните приоритетни задачи на Управниот одбор како што се обезбедување на средства за противпожарната заштита, завршување на отпочнатниот процес на децентрализација во областа на социјалната политика, реализација на децетрализираната надлежност за комунална полиција и итно решавање на состојбите со долговите во јавните претпријатија, нивната ефикасност, самоодржливост итн.

Управниот одбор ќе одржи своја следна седница во периодот на крај на месец декември заради потребата од донесување на приоритетни акти за тековно функционирање на Заедницата.

Скопје 18 декември, 2025 г.

Претседател,
Орце Ѓорѓиевски

Составил,
Стручна служба на ЗЕЛС